само во прва смена за учениците од I до IX одделение кои се распределени во 27 паралелки и тоа од I до III одделение целодневна настава 9 паралелки, IV класична настава со продолжен престој 3 паралелки, V-то одделение класична настава 3 паралелки, од VI до IX одделение предметна наставата 12 паралелки.

Наставата започнува во $8^{00}$ часот за учениците од I до IX одделение.
Секој час трае 40 минути. После вториот час има голем одмор во траење од 20 минути, а останатите одмори меѓу часовите со по 5 минути.
Целодневната настава има посебен ред на изведување на часовите, времето за појадок, ручекот и одморите.

**Распоред на ѕвонење**

| Час | Време |
|---|---|
| 1 час | 08:00 – 08:40 |
| 2 час | 08:45 – 09:25 |
| 3 час | 09:45 – 10:25 |
| 4 час | 10:30 – 11:10 |
| 5 час | 11:15 – 11:55 |
| 6 час | 12:00 – 12:40 |
| 7 час | 12:45 – 13:25 |

## 8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | **Наставен јазик- македонски** | **Наставен јазик- албански** | **Наставен јазик- турски** | **Наставен јазик- српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 27 | | | |
| **Број на ученици** | 707 | | | |
| **Број на наставници** | 48 | | | |

## 8.5. Проширена програма

Во текот на учебната година во склоп на редовната настава за учениците од I до IV одделение се реализира Проширена програма која ги опфаќа следниве активности:

Активностите се претставени со следнава табела:

| месец | цели | средства | време на реализација | активности |
|---|---|---|---|---|
| **септември-јуни** | Развивање љубов,интерес и желба за пеење; развивање спретност за користење на ликовни материјали; развивање на чувството за естетско изведување; да се поттикнува да учествува во игра, да се поттикнува да ги почитува правилата на играта, да ги развива психомоторните способности: брзина, снаодливост, издржливост, правилна и навремена реакција, да ги развива способностите за контролирано однесување и искажување емоции во натпреварите, култура во поддршка на својата екипа – културно навивање; создавање позитивни карактерни особини; да развива актерски способности , да развива другарство; да ги почитува правилата на игра | цеде плеер, тв приемник, едукативни материјали | од 07:00 до 08:00 и<br><br>од 15:30 до 17:00 ч. | - Гледање приредба по повод прием на првачиња<br>- Играње на едукативни и друштвени игри (На буква на буква; Скриен предмет; Пантомима; Асоцијација; Јас почнав-ти заврши; Погоди го зборот; Бесилка; Брза географија ... )<br>- Игри во училиштен двор (Школка; Народна топка ; Штркот бара боја; Ден-ноќ; Игри со топка; Врело компирче; Замрзнат човек; Криенка ... )<br>- Игри во училница (Топло-ладно; Редење на сложувалки; Скриен предмет; Музичко столче; Домино; Не лути се човече; Игри со карти ... )<br>- Гледање на ТВ (Цртан филм; Анимиран филм; Едукативни детски тв емисии и серии; Народни приказни; Драми...)<br>- Слушање на аудио материјал (Песни ; Детски радио емисии; Приказни; Драми; Класична музика... )<br>- Изработка на ликовни творби (Оригами; Изработки за пано; Цртање по избор со разни ликовни техники и материјали... ). |

## 8.6. Комбинирани паралелки

Во училиштето нема комбинирани паралелки.

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Како прв странски јазик се изучува англиски јазик за учениците од I до IX одделение, а од шесто одделение се изучува германски јазик како втор странски јазик.

| Јазик | Број на паралелки | Ученици |
|---|---|---|
| Англиски јазик | 27 | 707 |
| Германски јазик | 12 | 312 |

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Според Законот за основно образование во 1-во одд., 2-ро одд., 3-то одд., 4-то одд. и 5-то одд. наставата по предметот физичко и здравствено образование покрај одделенскиот наставник ја реализира и наставник по физичко образование.

## 8.9. Изборна настава

На крајот од учебната 2024/2025 год. се спроведе анкетирање меѓу учениците за избор на изборен предмет кој ќе се реализира во учебната 2025/2026 год. Според Новата концепција за основно образование анкетните листови за учениците од IV, V ,VI, VII и VIII-мо одделение беа составени од 12 изборни предмети распределени во четири категории. Секој ученик требаше да заокружи по еден предмет кој ќе се изучува во прво полугодие и еден предмет кој ќе се изучува во второто полугодие.
Анкетните листови за учениците од IX понудија по три предмети од кои секој ученик требаше да заокружи еден и потоа анкетниот лист потпишан од родител да се врати.
Врз основа на добиените резултати од спроведената анкета, во учебната 2025/2026 год. во нашето училиште се реализира настава по следниве изборни предмети:

| Наставен предмет | Одделение | Број на паралелки (формирани групи) | Број на часови | | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | неделно | годишно | |
| Решавање на конфликти (прво полугодие) | IV | 3 | 2 | 72 | 87 |
| Цртање, сликање и вајарство (второ полугодие) | IV | 3 | 2 | 72 | 87 |
| Танц и народни ора ( прво полугодие) | V | 2 | 2 | 72 | 55 |
| Учам за моето здравје (второ полугодие) | V | 2 | 2 | 72 | 55 |
| Готвење – домаќинство (прво полугодие) | V | 1 | 2 | 72 | 22 |
| Моделарство (второ полугодие) | V | 1 | 2 | 72 | 22 |
| Етика на религиите (прво полугодие) | VI | 3 | 2 | 72 | 75 |
| Религиозно и културно наследство (второ полугодие) | VI | 3 | 2 | 72 | 75 |
| Ракомет (прво полугодие) | VII | 3 | 2 | 72 | 88 |
| Одбојка (второ полугодие) | VII | 3 | 2 | 72 | 88 |
| Жените низ историјата (прво полугодие) | VIII | 3 | 2 | 72 | 71 |
| Учам за моето здравје (второ полугодие) | VIII | 3 | 2 | 72 | 71 |
| Проекти по музичка уметност | IX | 3 | 2 | 72 | 78 |

Во текот на второто полугодие во учебната 2025/2026 година се реализираа активности од Општествено-хуманитарна работа предвидена со НПП за учениците од VII одделение. Активностите се реализираа во четири групи и тоа:

1. Помош и подршка на заедницата (уредување на јавни површини) – одговорни наставници: Филип Стојковиќ и Виолета Јаноска
2. Подршка на учениците со тешкотии во учењето ( промовирање солидарност и еднакви можности во образованието) – одговорни наставници: Валентина Зорчец и Жанета Ѓоргиевска
3. Тим што победува (цел, градење тимска работа) – одговорни наставници: Татјана Мицева Бојаровска и Весна Мојсова
4. Селекција, рециклирање и донирање во хуманитарни цели на пластичен отпад – одговорни наставници: Зорица Стефановска и Бранислав Ристески

## 8.10. Дополнителна настава

- Дополнителна настава се реализира за учениците кои имаат тешкотии во учењето и на кои им е потребна повремена помош во текот на наставната година. На почетокото на учебната година се изработи распоред за реализација кој беше истакнат на огласната табла и на веб страната на училиштето.
- Во текот на учебната година сите ученици кои покажаа послаби резултати посетуваа дополнителна настава при што се користеа приспособени форми и методи за полесно совладување на предвидените содржини. Одделенскиот раководител ги информира родителите на тие ученици за обврската за задолжително посетување на дополнителна настава по соодветниот наставен предмет. Секој наставник води евиденција за присуство на часовите по дополнителна настава. Според измените на законот за водење на педагошка евиденција и документација секој наставник е задолжен во текот на учебната година да пополни Образец во која се наведуваат сите активности што се реализираат и истиот на крајот на учебната година се архивира и заведува во дневникот.
- Во прилог е даден Извештајот од реализација на дополнителна настава за учениците од одделенска и предметна настава.

## 8.11. Додатна настава

- Додатна настава се организира за учениците кои покажуваат значителни резултати по одделни предмети.
- Основна цел е да се обезбеди систематска работа со надарените ученици кои во текот на целата година покажуваат значајни резултати. Преку додатната настава се овозможува стекнување на дополнителни знаења, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари. Според измените на законот за водење на педагошка евиденција и документација секој наставник е задолжен во текот на учебната година да пополни Образец во која се наведуваат сите активности што се реализираат и истиот на крајот на учебната година се архивира и заведува во дневникот.
- Во прилог е даден Извештајот од реализација на додатна настава за учениците од одделенска и предметна настава.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Во текот на учебната година работата со надарените ученици се реализираше преку додатната настава со нивно вклучување во воннаставни активности како и учество на натпревари.

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

За работа со учениците со посебни образовни потреби формиран е Училиштен инклузивен тим во состав: Александар Христовски, Марија Трпчевска Блажевска, Стефани Хаџитомова, Љупка Андреева, Кристина Павловска, Марија Митевска, Александар Савевски како и Инклузивен тим за ученик во состав: Билјана Јованова, Марија Трпчевска Блажевска, Стефани Хаџитомова, одделенски наставник, предметен наставник, родител на ученикот и образовниот асистент.

Во учебната 2025/2026 година во воспитно-образовниот процес во редовната настава инклузирани се 14 ученика со посебни образовни потреби за кои се обезбедени 8 образовни асистенти од училиштето со ресурсен центар „Иднина” и 5 лични асистенти од Општина Центар. За секој од нив е формиран Инклузивен тим.

Во почетокот на учебната година изработени се индивидуални образовни програми за овие ученици со посебни потреби со цел учениците да можат полесно да се вклопат во воспитно-образовниот процес и со цел за успешна реализација на планираните активности.

## 8.14. Туторска подршка на учениците

Во учебната 2025/2026 година во училиштето не е обезбедена дополнителна (туторска) поддршка за ниеден ученик. Училиштето е вклучено во проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран” кое го сочинуваат Здружение за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива”, Здружението за давање услуги на лицата со попреченост „Хендимак” и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор”.

## 8.15. План на образовниот медијатор

Во нашето училиште оваа учебна година немаме ангажирано образовен медијатор.

# 9. Вонnаставни активности

## 9.1. Училишни спортски клубови

Училишниот спортски клуб ,,ОУКН” – Скопје е основан на ден 11.03.2024 год. во кој се формирани училишни спортски тимови според афинитетите на учениците и нивните интереси. Во текот на учебната година беа создадени два спортски тима:

- Одбојка
- Гимнастика

| Одделение | **I** | **II** | **III** |
|---|---|---|---|
| Гимнастика | 10 | 5 | 5 |
| Одбојка | 5 | 5 | 10 |

Одоговорни наставници за овие спортски тимови се наставниците по физичко и здравствено образование Огнен Гиговски, Михаил Николов и Петар Стојановски.

- Формиран Лего клуб ,,Лего тим Коле Неделковски”

Носители на активноста: Кристина Павловска, Валентина Зорчец и Христина Ристеска

## 9.2. Секции / Клубови

Преку слободните ученички активности се создаваат претпоставки за индивидуализација на образовниот и воспитниот процес, за задоволување и развивање на индивидуалните интереси и способности на учениците за заедничка работа која придонесува за развивање на меѓусебна доверба и дружење во слободното време.
Преку работата на овие активности кај учениците се поттикнува и негува љубопитноста, самостојноста, истрајноста, креативноста и желбата за црпење на нови знаења.
Овие активности им овозможија на учениците да ја согледаат предноста на правилно користење на слободното време.

## Одделенска настава

| Назив на секцијата | Наставник | Број на ученици |
|---|---|---|
| Ликовна, ритмичка секција | Б.Стојановска, Н.Крстева, С.С.Манојловска | 28-30 (I одделение) |
| Ликовна, музичка секција | Д.Апостолска, А.Блажевска, В.Кузмановска | 20- 30 (II одделение) |
| Драмска-ритмичка секција | Р.Нушкова, Б.Димовска, В. Блажевска | 25-30 (III одделение) |
| Драмско -литературна секција | М.Кузмановска, К.Петковска, Х. Ристеска | 28-30 (IV одделение) |
| Драмско –литературна и математичка секција | Т. Лазаровска, М. Н.Бошковска, В. Стојановска | 22-27 ( V одделение) |

## Предметна настава

| Назив на секцијата | Наставник | Број на ученици |
|---|---|---|
| Debate club | Кристина Павловска | 9 |
| Литературно-драмска секција | Радмила И.Стојановска | 20 |
| Фудбал | Михаил Николов | 18 |
| Одбојка | Петар Стојановски | 16 |
| Литературно-драмска секција | Татјана М.Бојаровска | 7 |
| Математика | Зорица Стефановска | 11 |

## 9.3. Акции

Секоја учебна година во училиштето се организираа базари, хепенинзи, хуманитарни настани, работилници и едукативни предавања.

Во текот учебната година од предвидените активности реализирани се:

- Прием на првачиња во детска организација
- Хуманитарен настан по повод Денот на книгата и Денот на гладот.
- Учество на новогодишен хепенинг на боемска улица и доделување на пакетчиња од Општина Центар
- Учество на новогодишен базар организиран во нашето училиште
- Учество во симулациска вежба за заштита, самозаштита и евакуација при евентуален земјотрес, пожар или друга елементарна непогода
- Учество во средување на училишно пано во училиштето
- Учество на фестивал на ,,Симит и погача во срцето на Скопје” хуманитарен настан огранизиран од Општина Центар
- Учество во активности организирани од Скопски извиднички одред со цел потикнување на еко одговорно однесување.
- Учество во работилница на тема: Изработка на костими од картонски кутии
- Учество во едукативно предавање по повод ,,Недела на борба против зависности” организирано од Црвен крст
- Учество на работилници на тема: ,,Превенција од дрога и психотропни сусптанци” организирано од ХЕРА
- Учество на работилница на тема: ,,Човекови права и употреба на пиротехнички средства” организирано од МВР
- Учество на предавање на тема: ,,Придобивки и добри страни на вештачката интелигенција организирано од Институт Охрид и Општина Центар
- Учество во интерактивна едукативна работилница ,, Детска филозофија – морални вредности – добри и лоши навики” организирано од Детски културен центар Карпош
- Учество во работилница со писателот Билјана С. Црвенковска во градска библиотека ,,Браќа Миладиновци” Скопје
- Учество на презентација на роман ,,Пушти ме” од Катрине Недрејурд.
- Учество на промоција на романот ,, Тринаесетиот” во библиотека ,,Браќа Миладиновци” Скопје
- Учество на литературна средба со писателката Лидија Димковска.

- Учество на едукативна средба со писателката Виолета А.Наумовска, презентација на сликовницата ,,Дневна среде шума”

- Учество на едукативна средба со писателката Бистра Георгиева, презентација на книгата ,,Џиновска продавница за фанатации”

- Учество во работилница ,,Исхрана кај растенијата”

- Учество во еколошка акција во училишниот двор

- Учество во еко акција по повод Денот на планетата земја

- Учество во работилница на тема ,,Пријателство и комуникации” во VIв одд.

- Учество во работилница на тема ,,Безбедни во просторот на интернетот” во VIIа одд.

- Учество во работилница на тема ,,Зајакнување на сликата за себе” во VIIIа одд.

- Учество во работилница на тема ,,Насилство” во VIIIа одд. организирано од МВР и Општина Центар

- Учество во работилница на тема ,, Супермоќта на мозокот, храни го и вежбај го” од I до III одд. организирано од Геопром

- Учество во работилница на тема ,,Трговија со деца и зависности” во VIIа одд. органзирано од МВР и Општина Центар

- Учество во едукативно предавање на тема ,,Орална хигиена” во I одд. организирано од Општина Центар и Стоматолошки факултет

- Учество во работилница на тема ,,Безбедност во сообраќајот” во VIа одд. организирано од МВР и Општина Центар

- Учество во едукативно-креативна работилница на тема ,,Учиме да месиме, кроиме, шиеме, плетеме, сликаме и дизајнираме” во VII одд. организирано од Општина Центар во соработка со Активот на жени пензионерки при здружение на пензионери

- Учество во работилница со извиднички одред ПСИО во IIв одд.

- Учество во работилница ,,Како правилно да растеме” во IIв одд.

- Учество во работилница ,,Растението и неговите делови” во IIв одд.

- Учество во работилница ,,Бабинита книга- наша инспирација” во IIв одд.

- Учество на работилница на тема,, Комуникација, тимска работа и емпатија” во IIIа одд. организирано од Едукативен креативен центар

## 10. Ученичко организирање и учество

Во учебната 2025/2026 година беа реализирани активности предвидени според програмата на Ученичкиот парламент. Членовите на Ученичкиот парламент беа запознати со програмата и предвидените активности. Ученичкиот парламент во нашето училиште го сочинуваат ученици од VI до IX-то одделение и во текот на учебната година се реализираа седум средби.

Извештајот за работата на Ученичкиот парламент е даден во прилог.

Членови на Ученички парламент:

| Паралелка | Име и презиме |
|---|---|
| VIа | Дамјан Доксевски |
| VIб | Ведран Ордевски |
| VIв | Марија Мишковска |
| VIIа | Милан Спасовиќ |
| VIIб | Ива Кузмановска |
| VIIв | Катина Анастасова |
| VIIIа | Дарија Икономов |
| VIIIб | Виктор Вранишковски |
| VIIIв | Боријан Трајковски |
| IXа | Даниел Бушиноски |
| IXб | Софија Станковска |
| IXв | Јована Јоргушеска |

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Во Годишната програма за екскурзии, излети и настава во природа, за учениците од I до IX одд. од предвидените, во учебната 2025/2026 година се реализираше:

- 10.10.2025 година еднодневен есенски излет за учениците од VI – IX одд. во градски парк  Скопје.
- 13.10.2025 година еднодневен есенски излет за учениците од I до V одд. во градски парк Скопје.
- 6-7.04.2026 година дводневна екскурзија за учениците од VI одд. во Источна Македонија (Дојран) со престој во хотел ,,Ла Тераца” организирано од туристичка агенција Кондор.
- 20-22.04.2026 година тродневна екскурзија за учениците од IX одд. во Западна Македонија (Охрид) со престој во хотел ,,Конгресен центар” организирано до туристичка агенција Кондор.
- 11-14.05.2026 година настава во природа за учениците од V одд. во Западна Македонија (Охрид) со престој во хотел ,,Коцарев” организирано од туристичка агенција ,,Дема турс”.
- 15.05.2026 година еднодневна екскурзија за учениците од III одд. во Маврово организирано преку туристичка агенција ,,Виста”.
- 18.05.2026 година еднодневен пролетен излет во Лешок за учениците од IV – IX одд. организирано од туристичка агенција ,,Виста” и во градски парк за учениците од I - III одд.

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Во текот на учебната година училиштето зеде учество во неколку вонучилишни активности:

- Посета на градска библиотека ,,Браќа Миладиновци”
- Следење на театарска претстава за деца ,,Галенка” во продукција на театар ХИТ во нашето училиште

- Следење на новогодишна претстава за деца ,,Мечето Панда и Дедо Мраз” во продукција на театар ХИТ во нашето училиште
- Посета на меѓународен аеродром Скопје
- Посета на УХМР Скопје
- Посета на Музеј на македонска борбра
- Посета на печатница Бранко Гапо
- Посета на Изис Скопје
- Посета на противпожарна бригада на Град Скопје
- Посета на Институт за земјотресно инженерство
- Посета на ТВ Сител
- Следење на детскиот фестивал ,,Златно славејче”
- Посета на Општина Центар
- Посета на Централна Кооперативна банка
- Посета на стоматолошки факултет
- Следење на танцова- театарска интерактивна претстава ,,Магичниот куфер”
- Следење на претставата ,,Магичната флејта на Вулфи”
- Посета на село и домашни животни, градинарски култури
- Посета на саемот на книга
- Следење на театарска претстава ,,Цветна улица”
- Посета на железничка станица
- Посета на Народна банка на РСМ
- Посета на Шпаркасе банка
- Посета на Музеј на современа уметност

# 12. Натпревари за учениците

Во текот на учебната 2025/26 година наптреварите во кои учениците зедоа учество се во прилог.

# 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

На 28.11.2024год. се склучи меморандум за соработка помеѓу ООУ „Перпарими”, Крушопек, Сарај и нашето училиште за реализирање на активности од проектот за меѓуетничка интеграција. Во прилог е извештај на реализирани активности.

# 14. Проекти што се реализираат во училиштето

Континуирано секоја учебна година и оваа во училиштето се реализираат веќе постоечките проекти преку кои што доаѓа до афирмација на наставниците и учениците. Проектите во кои што е вклучено училиштето се дадени во прилог.

# 15. Поддршка на учениците

## 15.1. Постигнување на учениците

Постигнувањата на учениците се составен дел на Извештаите за учениците за нивниот успех и редовност кои редовно се следат и се бележат и воедно се прават споредбени резултати, а истиот начин на работа ќе продолжи и оваа учебна година. Анализата на постигнатите резултати ја прави Стручната служба.

Постигнатиот успех за крајот на учебната 2024/2025 година е 4.94.

## Преглед на успехот на учениците на крајот од учебната 2025/2026 година

| Одделение | Број на ученици | Број на ученици според постигнатиот успех | | | | Број на ученици со слаби оцени | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одлични | мн.добри | добри | доволни | со 1 сл | со 2 сл | повт. год. | неоценети | |
| I | 86 | Учениците се описно оценети | | | | | | | | / |
| II | 67 | | | | | | | | | / |
| III | 78 | | | | | | | | | / |
| IV | 87 | 87 | / | / | / | / | / | / | / | **4.96** |
| V | 77 | 77 | / | / | / | / | / | / | / | **5.00** |
| **IV–V** | **164** | **164** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.98** |
| VI | 75 | 66 | 8 | 1 | / | / | / | / | / | **4.74** |
| VII | 88 | 84 | 4 | / | / | / | / | / | / | **4.88** |
| VIII | 71 | 64 | 7 | / | / | | / | / | / | **4.86** |
| IX | 78 | 74 | 4 | / | / | / | / | / | / | **4.92** |
| **VI – IX** | **312** | **288** | 23 | 1 | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.85** |
| **IV –IX** | **476** | **452** | 23 | 1 | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.91** |

## * Изостаноци на учениците на крајот од учебната 2025/2026 година

| Одд<br>Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 2324 | 562 | 1934 | 1591 | 2266 | 1641 | 2367 | 2905 | 3517 | 19107 |
| Неоправдани | / | / | / | / | / | 41 | 19 | 41 | 118 | 219 |
| Вкупно | 2324 | 562 | 1934 | 1591 | 2266 | 1682 | 2386 | 2946 | 3635 | 19326 |

## * Поведение на учениците

Учебната 2025/2026 год. ја завршија 707 ученици од кои 706 ученици завршија со примерно поведение а 1 ученик со добро поведение.

Од нашето училиште за учебната 2025/2026 година ученик од I одд. кој е од социјално ранлива група доби парична помош од Општина Центар. Сите ученици кои потекуваат од семејства кои се од социјално ранлива група училиштето ги ослободува од плаќање на оброк, екскурзија, списанија и воедно се организираат хуманитарни активности со коишто меѓу другото им се помага и на нив.

Учениците Софија Костадинова од VIIIв одд., Давид Марковиќ од IXа одд., Јана Арбелска од VIIIб одд., Софија Станковска од IXб одд., Ненад Георгиевски од VIIIв одд. се добитници на стипендија од областа на наука доделена од Општина Центар.

Учениците Ања Ивановска од IXб одд., Катја Бешлиева од IXа одд. и Дарија Трајковска од IXа одд. се добитници на стипендија од областа на културата доделена од Општина Центар.

Учениците Виктор Вранишковски од VIIIб одд., Јована Атанасовска од VIIа одд., Максим Шеќеринов од VIIа одд., Дамјан Јуруковски од VIа одд., Александра Пеновска од VIIIа одд., Михаела Мутковa од IXа одд., Филип Наумовски, Максим Митревски, Јован Трајков од IXб одд., Киро Докузовски од VIIб одд., Горазд Јуруковски од VIIIб одд., Леа Јовковска од VIа одд. Даријан Остојчиќ од VIIб одд. и Мијана Гајица од VIIб одд. се добитници на стипендија од областа на спортот.

На Наставничкиот совет одржан на 10.06.2026 год. на ученикот Лука Стамболиќ од IXв одд. му беше повлечена педагошката мерка намалено поведение и основното образовние го заврши со добро поведение.

На Наставничкиот совет одржан на 12.06.2026 год. на учениците Горазд Јуруковски од VIIIб одд.,Петар Демјански од VIIIб и Калин Размоски од VIIIв одд. им беа повлечени изречените педагошки мерки во прво полугодие.

Од оваа учебна година се воведоа и училишни униформи за сите ученици од I до IX одделение финансирани од Општина Центар.

Оваа учебна година паричната награда која што ја доделува Општина Центар за ученик на генерација ја доби ученичката Ања Ивановска од IXб одд. а нагадата за најдобри наставници ја добија наставничките Ана Блажевска Анчевска и Кристина Павлоска.

Ученикот Даниел Бушиноски од IXа одд. е избран за гордост на училиштето.

## Споредбени резултати за успех на учениците за трите последни учебни години 2023/2024 и 2024/25 год. и 2025/2026

**2023/2024 год.**

| Одд. | Број на ученици | Одлични | Мн. Добри | Добри | Доволни | Со 1 слаба | Со 2 слаби | Неоц. | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I–III | Описно оценување | | | | | | | | |
| IV | 76 | 76 | / | / | / | / | / | / | 4.97 |
| V | 88 | 87 | 1 | / | / | / | / | / | 4.98 |
| **IV–V** | **164** | **163** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.97** |
| VI | 68 | 68 | / | / | / | / | / | / | 4.97 |
| VII | 79 | 79 | / | / | / | / | / | / | 4.96 |
| VIII | 77 | 74 | 2 | / | 1 | / | / | / | 4.90 |
| IX | 65 | 63 | 2 | / | / | / | / | / | 4.90 |
| **VI-IX** | **289** | **284** | **5** | **/** | **1** | **/** | **/** | **/** | **4.93** |
| **IV-IX** | **453** | **447** | **5** | **/** | **1** | **/** | **/** | **/** | **4.95** |

**2024/2025 год.**

| Одд. | Број на ученици | Одлични | Мн. Добри | Добри | Доволни | Со 1 слаба | Со 2 слаби | Неоц. | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I–III | Описно оценување | | | | | | | | |
| IV | 75 | 74 | 1 | / | / | / | / | / | 5.00 |
| V | 76 | 75 | 1 | / | / | / | / | / | 4.97 |
| **IV–V** | **389** | **149** | **2** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.98** |
| VI | 89 | 88 | 1 | / | / | / | / | / | 4.96 |
| VII | 69 | 62 | 7 | / | / | / | / | / | 4.88 |
| VIII | 77 | 70 | 7 | / | / | / | / | / | 4.88 |
| IX | 78 | 76 | 1 | 1 | / | / | / | / | 4.90 |
| **VI-IX** | **313** | **296** | **16** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.90** |
| **IV-IX** | **464** | **445** | **18** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.94** |

**2025/2026 год.**

| Одд. | Број на ученици | Одлични | Мн. Добри | Добри | Доволни | Со 1 слаба | Со 2 слаби | Повт. Год. | Неоц. | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I–III | | Описно оценување | | | | | | | | |
| IV | 87 | 87 | / | / | / | / | / | / | / | 4.96 |
| V | 77 | 77 | / | / | / | / | / | / | / | 5.00 |
| **IV–V** | **164** | **164** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.98** |
| VI | 75 | 66 | 8 | 1 | / | / | / | / | / | 4.74 |
| VII | 88 | 84 | 4 | / | / | / | / | / | / | 4.88 |
| VIII | 71 | 64 | 7 | / | / | | / | / | / | 4.86 |
| IX | 78 | 74 | 4 | / | / | / | / | / | / | 4.92 |
| **VI – IX** | **312** | **288** | **23** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.85** |
| **IV –IX** | **476** | **452** | **23** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **4.91** |

## Споредбени резултати за направените изостаноци од трите последни учебни години 2023/24 и 2024/25 год. и 2025/26

### 2023/2024 година

| Одд Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 2400 | 1200 | 1800 | 1146 | 1750 | 1523 | 1400 | 1826 | 1340 | 14385 |
| Неоправдани | / | / | / | / | / | / | 12 | 105 | 60 | 177 |
| Вкупно | 2400 | 1200 | 1800 | 1146 | 1750 | 1523 | 1412 | 1931 | 1400 | 14562 |

### 2024/25 година

| Одд Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 1757 | 1319 | 1563 | 1559 | 601 | 1991 | 2470 | 2689 | 1430 | 15373 |
| Неоправдани | / | / | / | / | / | / | 43 | 60 | 71 | 174 |
| Вкупно | 1757 | 1319 | 1563 | 1559 | 601 | 1991 | 2513 | 2749 | 1501 | 15547 |

### 2025/2026 година

| Одд Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 2324 | 562 | 1934 | 1591 | 2266 | 1641 | 2367 | 2905 | 3517 | 19107 |
| Неоправдани | / | / | / | / | / | 41 | 19 | 41 | 118 | 219 |
| Вкупно | 2324 | 562 | 1934 | 1591 | 2266 | 1682 | 2386 | 2946 | 3635 | 19326 |

# 16. Оценување

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на постигнатиот успех на учениците во текот на учебната 2025/2026 година се реализира на следниот начин:

Прво тримесечје

- Описно оценување за учениците од I-во до VI-то одделние
- Бројчано оценување за учениците од VII-мо до IX-то одделение

Крај на прво полугодие

- Описно оценување за учениците од I-во до III-то одделение
- Бројчано оценување за учениците од IV-мо до IX-то одделение

Трето тримесечје

- Описно оценување за учениците од I-во до VI-то одделние
- Бројчано оценување за учениците од VII-мо до IX-то одделение

Крај на учебна година

- Описно оценување за учениците од I-во до III-то одделение
- Бројчано оценување за учениците од IV-мо до IX-то одделение

Оценувањето на учениците е евидентирано во евидентните листови. Воедно се организираа родителски средби преку кои родителите имаа можност да се запознаат со успехот и поведението. Секој родител имаше можност да има увид во електронскиот дневник. Од оваа учебна година успехот за учениците од I до III одд. на крајот од учебната година се евидентира во свидетелства во електронска и хартиена форма а за учениците од IV до IX одд. само во хартиена форма.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во текот на учебната година директорот формираше Тим за следење анализа и поддршка за учениците и наставниците при реализирање на воспитно-образовната работа.

### ТИМОВИ ЗА ПОДРШКА ВО ООУ „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“ - ЦЕНТАР ЗА УЧЕБНАТА 2025-2026 ГОДИНА

| ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ( МАНИФЕСТАЦИИ) |
|---|
| БИЉАНА СТОЈАНОВСКА |
| НАДЕ КРСТЕВА |
| РАДМИЛА ИЛИЕВА СТОЈАНОВСКА |
| ТАТЈАНА БОЈАРОВСКА МИЦЕВА |
| БРАНИСЛАВ РИСТЕСКИ |
| МАРИНА СТАНКОВИЌ |

| ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВО |
|---|
| АЛЕКСАНДАР ХРИСТОВСКИ |
| МАРИЈА ТРПЧЕВСКА БЛАЖЕВСКА |
| БИЛЈАНА ЈОВАНОВА |
| ФИЛИП СТОЈКОВИЌ |
| ЉУПКА АНДРЕЕВА |
| ПЕТАР СТОЈАНОВСКИ |

| ПРОВЕРКА НА ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА |
|---|
| БИЉАНА ДИМОВСКА |
| МИЛЕНА КУЗМАНОВСКА |
| ТИНА ЛАЗАРЕВСКА |
| КРИСТИНА ПАВЛОВСКА |
| ЈАСМИНА ЧИЧКАРИЌ |
| ЗОРИЦА СТЕФАНОВСКА |
| ВИОЛЕТА ЈОНОСКА |

| ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ |
|---|
| ХРИСТИНА РИСТЕВСКА |
| АНА БЛАЖЕВСКА АНЧЕВСКА |
| МАРИНА СТАНКОВИЌ |
| ДАНИЕЛА АПОСТОЛСКА |
| АНЕТА ЧУПЕСКА |
| ВИКТОРИЈА КУЗМАНОВСКИ |

| ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЕКО АКТИВНОСТИ |
|---|
| ЖАНЕТА ЃОРГИЕВСКА |
| ВИОЛЕТА ЈАНОСКА |
| КАТЕРИНА ПЕТКОВСКА |
| СЛОБОДАНКА ГОЧЕВСКА |
| АНГЕЛИНА КОЧЕВА |

| ВОН – НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ |
|---|
| АНЕТА РИСТЕВСКА |
| БИЉАНА СТОЈАНОВСКА |
| ВЕРИЦА БЛАЖЕВСКА |
| АЛЕКСАНДРА ТОДОРОВСКА |
| СЛАВИЦА АЛЕКСОВА |
| ИВОНА ДИМОВА |

| ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ |
| --- |
| АЛЕКСАНДАР ХРИСТОВСКИ |
| ВАЛЕНТИНА ЗОРЧЕЦ |
| МАРИЈА ТРПЧЕВСКА БЛАЖЕВСКА |
| БИЛЈАНА ЈОВАНОВА |

| УЧЕБНИЦИ |
| --- |
| ВЕСНА ТРАЈКОВСКА |
| ЈАСМИНА ЧИЧКАРИЌ |
| ЕМИЛИЈА ВИТКОВА ИВАНОВА |
| РАДМИЛА ИЛИЕВА СТОЈАНОВСКА |
| АНЕЛА АТАНАСОВСКА |

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во текот на учебната година посетата за следење и вреднување на квалитетот на работата на секој наставник поединечно беше реализирана два пати во текот на полугодието. Распоредот за посета на часови е во Извештајот од работата на директорот и Стручната служба.

На 9.10.2025 година во училиштето за учениците од IV одд. се реализираше пробно државно тестирање по предметите македонски јазик и математика организирано од Државен испитен центар и МОН.

На 22.10.2025 година во училиштето се реализираше истражување на тема ,,Финансиска писменост во образованието” во кои беа вклучени ученици од IV одд., VII одд., и IX одд. реализирано од страна на советник на БРО.

На 06.11.2025 година во училиштето се реализираше посета од советници од БРО на кај два одделенски и еден предметен наставник со цел унапредување на квалитетот на наставата преку Teaċh алатка .

На 15.04.2026 година се реализираше тестирање на учениците ПИРЛС по македонски јазик – читање со разбирање за учениците од IVа и IVб одделение.

На 13,14 и 19.05.2026 година училиштето беше вклучено во меѓународна студија за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11,13 и 15 год.) подржано од МОН и БРО.

Од 25.03 - 27.03.2026 година во нашето училиште беше спроведена интегрална евалуација од страна на инспекциски тим од ДПИ.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

За периодот 2023 – 2025 година изработена е Самоевалуацијата на училиштето.
Целта на Самоевалуацијата е согледување на клучните јаки страни и надминување на слабите страни за реализација на воспитно-образовната работа.

- Преглед на тимовите за евалвација на работата на училиштето

| Ред. Бр. | Подрачје | Координатори на тимовите по подрачја |
|---|---|---|
| 1. | Планирање настава и учење | Филип Стојковиќ |
| 2. | Постигања на учениците | Радмила И.Стојановска |
| 3. | Училишна клима и односи во училиштето | Валентина Зорчец |
| 4. | Управување, раководење и креирање политики | Розе Нушкова |

Останатите вработени од наставниот кадар во училиштето се распределени пропорционално во секое од подрачјата на Самоевалуацијата.

## 17. Безбедност во училиштето

Во училиштето за безбедноста на наставниците, учениците и сите вработени изработен е план за заштита и спасување од природни катастрофи и незгоди со изработена шема. Во училишниот двор поставени се жардињери и столпчиња со кои се ограничува паркинг просторот во училишниот двор и овозможува непречен прием на учениците во училиштето.

На 24.10.2025 година се реализираше симулациска вежба за заштита, самозаштита и евакуација при евентуален земјотрес, пожар или друга елементарна непогода. Во вежбата беа вклучени сите вработени и ученици а истата се реализираше во соработка со Црвен крст на град Скопје.
Во училиштето обезбедувањето е преку Агенција за обезбезбедување „Патрол” кое е финансирано од страна на Општина Центар.
Во прилог е планот за заштита и спасување.

# 18. Грижа за здравјето

## 18.1. Хигиена во училиштето

За хигиената во училиштето се грижи техничкиот персонал чиј распоред за одржување на хигиената во училиниците, тоалетите и ходниците е истакнат на влезната врата на училиштето, пред секоја училница, секој ходник и тоалетите на секој спрат. Во текот на учебната година беше извршена дезинсекција, дезинфекција и дератизација во училишната зграда.

## 18.2. Систематски прегледи

За учениците од I,II,III, IV,V, VI, VII и IX одделение е реализиран систематски - стоматолошки преглед во здравствена установа „Идадија“.
Во месец септември се реализираше санитарен преглед на вработените во Центар за јавно здравје „Пролет”.
Во месец декември се реализираше систематски преглед за вработените од здравствена установа ,,Тоспаш”.
За учениците од I,II одд. се реализираше систематски преглед во здравствена установа „Бит пазар” – школска.

## 18.3. Вакцинирање

Според календарот за имунизација како дел од гржа за здравјето на учениците се реализираше вакцинирање на учениците од I одделение вакцина-МРП (рубеола, мали сипаници и заушки) во здравствена установа „Бит пазар” – школска, за учениците од II одделение вакцина Tetraxim за сите ученици од VII одд. HPV-вакцина и ревакцина и за учениците од IX одд. вакцина REVAXIS.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана

За учениците од прво до четврто одделение е организиран оброк преку оператор „Стара ванила” во училишната кујна.

# 19. Училишна клима и односи во училиштето

## 19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето се оддржува со активно учество на сите субјекти, а со доследно спроведување на изработените Кодекси на однесување на ученици, наставници, родители и други вработени. За време на одморите меѓу часовите има организирано дежурство од наставници во училишните ходници и во училишниот двор. Покрај дежурство од страна на наставниците во училиштето е организирано и дежурство од по 2 ученика од VII, VIII и IX одд. ротирајќи по паралелки.

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Уредувањето и одржувањето на просторот во училиштето го реализираат наставниците со нивните ученици пред својот кабинет како и паноата според потребите и наставните содржини, а останатиот дел од училишната зграда го одржуваат наставниците кои се дел од тимот за естетско и функционално одржување. Пред секоја училница има поставено паноа на кои редовно се истакнуваат изработките од учениците.

## 19.3. Етички кодекси

Во холот на училиштето се поставени Кодекси на однесување за: родители, ученици и наставници (Во прилог е правилник за однесување на ученици и родители и етички Кодекс за однесување на наставници и стручни соработници).

# 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите и активности за професионален и личен развој

На почетокот на учебната година врз основа на резултатите од Самоевалуацијата е изработен план за Професионален и личен развој во кој беа истакнати обуки преку кои наставниците ќе можат да го подобрат својот професионален и кариерен развој. Во прилог се реализираните обуки од учебната година.

## 20.2. Хоризонтално учење

Во текот на учебната 2025/2026 година се реализираше десиминација на наставниот кадар за резултатите и начинот на државно тестирање за учениците од V одд. од страна два одделенски наставници и педагогот со цел да го пренесат своето знаење со што би се подобрила работата во училиштето.

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во текот на учебната година беа одржани состаноци на Совет на родители во која учествуваа по еден член (родител) од секоја паралелка и претставник од училиштето. Претседателот на Советот на родители ги организираше средбите на кои се реализираа активностите предвидени со програмата на Совет на родители. Годишниот извештај од Советот на родители е во прилог.

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонаставните активности

Информираноста на родителите за сите промени кои следеа во текот на учебната година се реализираа преку:

- преку Советот на родители
- преку групни и индивидуални средби со наставници
- преку Стручната служба на училиштето
- преку Е-дневникот

- преку web страна на училиштето
- преку Facebook страна на училиштето

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Во текот на учебната година преку организираните родителски средби, родителите се запознаваат со промени коишто настануваат, а се повразни со воспитно образовниот процес во училиштето. Воедно и преку одржување на Советот на родители се информираат и едуцираат за сите новости поврзани со работата на училиштето, покрај ова се организираат и индивидуални средби и средби во мали групи со стручната служба во функција на советување на родителите.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

### 22.1. Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, местно население..)

Соработката со локалната заедница во текот на учебната година се реализираше преку повеќе форми на соработка при што сите предвидени активности од страна на истата ние како училиште секогаш ги реализиравме. Во прилог е годишниот извештај за соработка со локалната средина.

### 22.2. Институции од областа на културата

Во текот на учебната година учениците и наставниците реализираа посети на голем број на  активно учествуваа на сите конкурси и покани за натпревари. Учениците од одделенска и предметна настава реализираа посети на споменици и установи поврзани со содржините на наставата.

### 22.3. Институции од областа на образованието

Во учебната 2025/2026 година се реализираше соработка со :

- БРО, МОН, Секторот за основно образование како дел на општината заради непречено одвивање на образовниот процес, размена на информации, доставување на разни извештаи, помош во работењето и сл.;
- Основните училишта од општината и пошироко, заради размена на информации и искуства и взаемна помош во работата;
- Средните училишта од општината и пошироко, особено каде што има запишано наши ученици, заради следење на учениците кои учеле во нашето училиште, потврда за запишување, одредени проблеми кај некои ученици и сл.;
- Инспекторат за основно образование, заради утврдување на правилноста во работењето.

### 22.4. Здравствени организации

Како и досега, училиштето ја продолжи соработката со: Здравствена установа „Бит пазар“ – школска, Здравствена установа „Идадија“, ресурсен центар „Иднина”, Центарот за социјални грижи, Црвениот крст, „Систем за проценка на лица со попреченост”, Центар за јавно здравје „Пролет”.

### 22.5. Медиуми (со цел на промоција на училиштето)

Во текот на учебната година одредени активности реализирани во училиштето се промовираа преку социјалните мрежи и web страната на училиштето.

## 23. Следење на имплементацијата на Годишната програма за работа на основното училиште

Од приоритетните подрачја за следење кои беа планирани во Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година до крајот на учебната година не се реализирани следниве:

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Набавка на 15 столчиња за наставничка канцеларија | Во текот на учебната година | Директор | Директор |

## 24. Евалуација на Годишната програма за работа на основното училиште

Во Годишната програма на училиштето за учебната 2025/2026 година се планираат активности со цел подобрување на воспитно-образовната настава во училиштето. Сите активности кои што се реализирани во текот на учебната година се дел од Годишниот извештај на училиштето.

## 25. Заклучок

Како училиште се стремиме секогаш успешно да го поттикнеме индивидуалниот развој на учениците и наставниците, го негуваме меѓусебното разбирање и почитување, ја развиваме одговорноста и потребата од постојано надоградување. Нашето училиште секогаш го подржува професионалниот развој на наставниците при што ја зголемува ефективноста на воспитно-образовниот процес. Секогаш се стремиме на учениците да им овозможиме квалитетни и трајни знаење кои ќе допринесат за нивниот личен развој во понатамошното образование.

Ја негуваме и поттикнуваме заедничката соработка меѓу учениците, родителите и наставниците со која се допринесува за развивање на меѓусебна доверба и почит. За сите одлуки кои се носат за воспитно-образовниот процес на учениците секогаш навремено се информираат и родителите преку Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставниците, преку Стручната служба на училиштето, web страната на училиштето и facebook страната на училиштето.

Нашето училиште е вклучено во голем број на проекти при што несебична поддршка добива од родителите, учениците, наставниците и општината, а придобивките се со цел за подобрување односно воведување на новитети во воспитно-образовниот процес.

## 26. Комисија за изработка на Годишниот извештај за работата на училиштето

- Александар Христовски– директор,
- Билјана Јованова  - педагог,
- Марија Трпчевска Блажевска – психолог,
- Валентина Зорчец – наставник по информатика,
- Виолета Јаноска  – наставник по географија,
- Радмила Илиева Стојановска – наставник по македонски јазик,
- Славица Алексова – наставник по хемија,
- Љупка Андреева – одделенски наставник,
- Слободанка Гочевска – одделенски наставник,
- Билјана Димовска – одделенски наставник
- Јована Јоргушевска – претседател на училишен парламент

## 27. Користена литература

Програмата на ООУ„Коле Неделковски“,  Скопје е изготвена врз основа на:

- Законот за основно образование;
- Закон за наставници и стручни соработници;
- Правилник за работа за наставници и стручни соработници;
- Статут на училиштето;
- Подзаконски акти;
- Наставни планови и програми за деветгодишно образование;
- Програмата и Извештајот за работата на училиштето од претходната учебна година;
- Извештај од претходната интегрална евалуација;
- Развоен план;
- Самоевалуација на училиштето;
- Финансиски извештаи за работењето на училиштето.

# Прилози

## 1. Работа на директорот

Планирањето на работата на директор за училиштетот е неопходна за успешна реализација на воспитно-образовниот процес.

1. Административно - програмски и организациони задачи

| Содржина | Време на реализација | соработници |
|---|---|---|
| Изготвување и усвојување на Годишната програма за работа на училиштето | јули | Наставнички совет<br>училишен одбор |
| Подготвување на Годишна програма за екскурзии, излети и настава во природа | јули | Членови на комисија |
| Распоред на часови, задолженија за одредување на одделенски раководители | јули | Наставници<br>стручна служба |
| Анализа на материјално -техничките состојби во училиштето. | континуирано | администрација технички персонал |
| Организација на првиот училишен ден и прием на ученици | септември | Наставници<br>стручна служба |
| Подготовка на распоред на настава и работни обврски | септември | Наставници<br>стручна служба |
| Следење контрола на наставниот процес | секој месец | Наставници, стручна служба |
| Организација на состаноци со наставничкиот совет | во текот на учебната година | Наставнички совет |
| Изготвување и следење на финансискиот план | секој квартал | Администрација и сметководтсво |
| Комуникација со надлежните образовни институции | континуирано | МОН,Општински служби, локални компании, невладини организации и фондации, БРО, Црвен крст, ДИЦ, Завод за статистика |

| Содржина | Време на реализација | соработници |
|---|---|---|
| Организирање на обуки за професионален развој | во текот на учебната година | Надворешни обучувачи и наставници |
| Управување со административна документација | во текот на учебната година | Секретар, администрација |
| Организација на воннаставни активности | во текот на учебната година | Наставници, ученици, родители |
| Формирање на училишен лего клуб ,,Лего тим Коле Неделковски” | ноември | Наставници, ученици |
| Континуирано следење на работата на административен и технички персонал | континуирано | технички кадар |
| Обезбедување услови за непречено реализирање на воспитно-образовниот процец | во текот на учебната година | наставници |
| Редовно следње на годишна програма за работа како и законски и подзаконски акти | во текот на учебната година | Стручна служба |
| Одржување на редовни состаноци со наставнички совет, совет на родители и другите чинители во воспитно – образовниот процес | во текот на учебната година | Наставници, стручна служба, родители |
| Тековно одржување на училишниот објект | во текот на учебната година | Технички кадар |
| Активно учество во реализација на проекти и натпревари, кулутрно- спортски и еколошки активности | во текот на учебната година | Наставници, стручна служба |

2. Аналитичко студиска работа и работни задачи

| Содржина | Време на реализација | соработници |
|---|---|---|
| Евалуација на постигнувањата на учениците | по завршување на тримесечије, полугодие, крај на учебна година | Наставници , стручна служба |
| Следење и проценка на наставните методи | секој месец | Наставници , стручна служба |
| Анализа на просторни, кадровски, материјално - технички услови за работа | во текот на учебната година | Секретар |
| Изработка на извештаи за воспитно-образовниот процес (полугодишен, годишен извештај, годишна програма) | јануари, јуни | Наставнички совет стручна служба |

| Содржина | Време на реализација | соработници |
|---|---|---|
| Реализација на проектите во училиштето Меѓуетничка интеграција во обрзованието,, Единство во различноста” | во текот на првото полугодие | ООУ,,Перпарими” Крушопек Сарај |
| Истражување на можности за подобрување на наставниот процес | во текот на учебната година | Наставници и надворешни учесници |
| Анализа на присуство и дисциплина на учениците | секој месец | Класни раководители, стручна служба |
| Запишување и распределба на новодојдени ученици за учебната 2025/2026 година од други основни училишта (вкупно 11) од кои:<br>- 4 ученика ( 2 машки и 2 женски) во V одд.<br>- 2 ученика (1 машко и 1 женско) во VI одд.<br>- 1 ученик (1 машко ) во VIII одд.<br>- 1 ученик (1 машко) во IX одд.<br>- 2 ученика (2 машки) во VIII одд.<br>- 1 ученик (1 машко) во I одд. | во текот на учебната година | Стручна служба |
| Отпишување на ученици и префрлање во други основни училишта за учебната 2025/2026 год. (вкупно 15) од кои:<br>- 1 ученик (1 женско) од I одд.<br>- 2 ученика (1 машко и 1 женско) од II одд.<br>- 4 ученика (4 женски) од III одд.<br>- 2 ученика (2 женски) од V одд.<br>- 3 ученика (3 женски) од VI одд.<br>- 1 ученик ( 1 машко) од VII одд.<br>- 1 ученик ( 1 машко) од VIII одд.<br>- 1 ученик (1 машко) од IX одд. | во текот на учебната година | Стручна служба |

3. Педагошко-инструктивни и советодавни задачи

| Содржина | Време на реализација | соработници |
|---|---|---|
Двете партнер училишта изработија проект на тема ,, Едниство во различноста” во кој беа планирани да се реализираат 3 средби. Во текот на учебната 2025/2026 година се реализираа две средби преку следните активности:

**Прва средба**
**Време на реализација**: 29.11.2025 година
**Место на реализација**: ООУ ,,Перпарими” Крушопек Сарај

На првата средба се реализираа следниве активности во која учествуваа 30 ученици од партнер училиштето и 23 ученика од нашето училиште.

**Активности:**

1. Работилница: Размена на литературата на албански, македонски и турски јазик преку претставување на нивните најпознати писатели и нивните најпознати пораки.
2. Работилница: Цртање на стара архитектура – џамија, црква и катедрала.
3. Работилница: Интерпретација на оро од 3 различни култури – албанска, македонска и турска.
4. Работилница: Претставување на сличностите и разликите меѓу културите – во облекувањето, говорот и живеењето.
5. Работилница 5: Завршни говори од претставниците на училиштата, доделување на благодарници и заеднички коктел.

**Втора средба**
**Време на реализација**: 17.12.2025 година
**Место на реализација**: ООУ,,Коле Неделковски” Скопје

На втората средба активностите се реализираа во ООУ,,Коле Неделковски”, Скопје - Центар во кои учествуваа 20 ученици од партнер училиштето и 50 ученици од нашето училиште.

**Активности:**

1. Претставување на хорот на ООУ,,Коле Неделковски” Центар со химната на училиштето, песната ,,Македонско девојче” и ,,Не сум твој тип”.
2. Работилница: Творење на песни и преведување на истите на албански и македонски јазик и нивна презентација.
3. Работилница: Изработка на презентации и хамери на тема традиционални јадења и дегустирање на традиционално албанско јадење пита.
4. Учество на учениците од партнер училиштето во реализирање на новогодишниот базар кој се реализираше во просториите на нашето училиште.

Одговорен наставник:

Тина Лазаровска

## 22. Проекти што се реализираат во училиштето

Континуирано веќе неколку учебни години па така и оваа учебна година нашето училиште е вклучено во следниве проекти:

- Проект „Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем“

- Носител на проектот: МОН, Здружение на граѓани ОНО и Швајцарска агенција за развој

- Проект „Меѓуетничка интеграција во образованието“

- Носител на проектот: МОН, УСАИД

- Проект ,,Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран”

- Проект ,,First LEGO League challenge”

- Носител на проектот: STEM академија

Горенаведениот проект е меѓународна едукативна програма која ги поттикнува децата и младите да развиваат знаење и вештини во обласста на науката, технологијата, инжинерството и тимската работа. Реализатори на овој проект во училиштето се три наставника и 10 ученици. Во првото полугодие од оваа учебна година како донација добиени се материјали (лего коцки) за изработка на машини за ископување на археолошки локалитети и материјали за изработка на робот SPIKE PRIME. Во текот на првото полугодие од страна на сите ученици од тимот изработени се машините како и роботот, а во второто полугодие беше реализирано програмирање на роботот и изработка на иновативен проект за употреба на археологијата во денешницата како и во иднина.

- Во периодот од 13.04.2026 до 15.04.2026 година, ООУ „Коле Неделковски“ беше домаќин на наставници од Република Словенија во рамките на ERASMUS меѓународната соработка и размената на добри образовни практики

- Во текот на минатата година, ООУ „Коле Неделковски“ – Скопје активно учествуваше во две меѓународни eTwinning проекти: „Digital Citizens of Tomorrow“ и „Recycling Heroes“, во соработка со наставници и ученици од повеќе европски држави. Проектите имаа за цел да ги развијат дигиталните, социјалните и еколошките компетенции кај учениците преку меѓународна соработка и примена на современи образовни технологии.

## 23. Поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

| Содржини | Време на реализација |
|---|---|
| Идентификување на талентираните, надарените и учениците со потешкотии во учењето. | октомври - ноември |
| Изготвување на програми за работа со учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии. | октомври - ноеми |
| Следење и евидентирање на присуство на учениците на часови за додатна и дополнителна настава. | во текот на учебната година |
| Подготовка на извештаи. | јануари - јуни |
| Мотивирање, подршка и создавање на подобри услови за нивните постигнувања | во текот на учебната година |

## 24. Професионална ориентација на учениците

Процесот на професионална ориентација на учениците во текот на учебната година се реализираше преку информирање, презентации од страна на средните училишта за време на одделенските часови и посета на родители кои што ги запознаваа учениците со нивните професии. Целта на оваа професионална ориентација на учениците е можноста да се запознаат со соодветни професии при што беа реализирани во текот на учебната година:

| Месец | Активност |
|---|---|
| септември | - Запознавање со професијата куклар – IIIб одделение |
| октомври | - Посета на офтамолог и учество во работилница на тема ,,Очи – нашите суперхерои” – IIв одделение<br>- Посета на ортопед и учество на работилница на тема ,,Како правилно да растеме” – IIв одделение<br>- Посета на биолог и учество на работилница на тема ,,Растението и неговите делови”- IIв одделение<br>- Посета на доктор родител и запознавање со виталните програми – IIIв одделение |

| | |
|---|---|
| ноември | - Запознавање со правилно користење на здрава исхрана – IIIв одделение<br>- Запознавање со ортодент – IIIб одделение<br>- Посета на печатница Бранко Гапо и запознавање со самата професија – IIIб одделение<br>- Презентација на ПСУ ,,НОВА” за учениците од IX-то одделение |
| декември | - Запознавање со професијата стоматолог - IVб одделение<br>- Запознавање со професијата дерматовенаролог – VIв одделение<br>- Правни последици од малолетничко однесување – родител судија – IXа одделение<br>- Презентација на ПСУ ,,САБА,, за учениците од IX-то одделение<br>- Презентација на ПСУ,, Алгоритам” за учениците од IX-то одделение |
| февруари | - Посета на Универтетски стоматолошки клнички центар ,,Св. Пантелејмон” и запознавање со професија стоматолог – Iа одделение |
| март | - Запознавање со професија фармацевт – IVа одделение |
| април | - Запознавање со улогата на општеството во остварување на правата и заштита на правата на луѓето, запознавање со професија адвокат - IVб одделение |
| мај | - Посета на Централна Кооперативна банка, професија банкар – Iа одделение |

# 25. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Врз основа на Законот на основно образование на РСМ член 66 став 2 и Упаството, училиштето изработи „Протокол” за постапка за пријавување и заштита на ученик- жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. „Протоколот” е истакнат на веб страната на училиштето и Годишната програма на училиштето до кој има пристап секој родител, ученик, наставник. Како резултат на преземање активности за спречување и заштита од насилство од злоупотреба, запуштање и спречување дискриминација, меѓу другото реализирани се и следниве активности:

| Задачи | Активности | Одговорни лица | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| -Утврдување на постапка и процедура во случај на насилно однесување.<br><br>-Утврдување на формите на насилство, злоупотрба и занемарување | Разговори со одделенските и класните раководители за појавата на насилно однесување и информирање на родителите | Директор,<br>стручни соработници,<br>наставници | во текот на учебната година |
| -Работа со ученици кај кои се манифестира насилно однесување. | Евидентирање и советодавна работа со учениците | Стручни соработници, наставници | во текот на учебната година |
| -Реализирање на работилници за заштита од насилство и развивање на комуникациски вештини. | Разговор за добиените податоци од реализираните работилници | Стручни соработници, наставници | во текот на учебната година |
| -Советодавна работа со родители. | Советодавна работа со родители на ученици жртви на насилно однесување и ученици кои манифестираат насилно однесување | Стручни соработници, наставници | во текот на учебната година |
| Соработка со ученици членови во Клубот за ментално здравје преку одржување на работилници за едукација на учениците | Работилници | Стручни соработници<br>Наставници<br>Ученици | во текот на учебната година |

## 26. Протокол за грижа за физичка безбедности и здравјето на учениците и вработените во ООУ,,Коле Неделковски” Центар, Скопје

Во ООУ,,Коле Неделковски” е изработен Протокол за физичка бебзбедност и здравје на учениците и вработените во кои што се опфатени сите видови на загрозувања на физичката безбедност. Покрај видовите на загрозувања во овој Протокол се изработени и сите активности кои што се дел од истиот. За ООУ,,Коле Неделковски” Центар, Скопје овластен работник од органот на државната управа за внатрешни работи е лице овластено од МВР Центар, полициска станица Беко. Овој Протокол е поставен на веб страната на училиштето.

## 27. Следење и анализа на состојбата со оценување

| **Активност** | **Време на реализација** |
| --- | --- |
| Изготвување на тестови за проверка на знаењето на учениците | во текот на учебната година |
| Вреднување на учениците со потешкотии во развој | во текот на учебната година |
| Анализа на успехот на учениците | во текот на учебната година |
| Учество на учениците во активности и натпревари според нивните афинитети | во текот на учебната година |

## 28. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовен кадар

| Активности | Носител на активност | Време на реализација |
|---|---|---|
| Договор за следење на работата на воспитно-образовен кадар | Директор,<br>стручни соработници,<br>наставници | во текот на учебната година |
| Посета на часови | Директор,<br>стручни соработници | две посети во едно полугодие |
| Проверка на е-дневници на паралелките | Директор,<br>Одговорните наставници | на неделно ниво |
| Увид во Годишните планирања на наставниците и дневните подготовки | Директор,<br>стручни соработници | во текот на учебната година |
| Посета на часови во одделенска и предметна настава од ДПИ | Директорот,<br>стручни соработници,<br>ДПИ | март |
| Проверка и следење на квалитетот на воспитно-образовната работа од советници од БРО | Директор,<br>стручни соработници<br>советници од БРО | ноември |

# 29. Самоевалуација на училиштето за периодот 2023-2025 година

| Програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација |
|---|---|---|---|
| Одредување на координатори на тимовите | април | Директор | Информирање и разменување мислење |
| Подготовка и прибирање на податоци | април/мај | Членови на тимовите | Предлози и споредедување на мерки за квалитетот на наставата |
| Разменување на мислења за работната верзија на самоевалуацијата | јуни | Директор<br>Членови на тимовите | Разговори и разменување на мислење, анкети и прашалници |
| Усвојување на самоевалуацијата | септември | Членови на тимовите | Согледување на состојбата |

- Преглед на тимовите за евалвација на работата на училиштето

| Ред. Бр. | Подрачје | Координатори на тимовите по подрачја |
|---|---|---|
| 1 | Планирање, настава и учење | Филип. Стојковиќ |
| 2 | Постигања на учениците | Радмила И.Стојановска |
| 3 | Училишна клима и односи во училиштето | Валентина Зорчец |
| 4 | Управување, раководење и креирање политики | Розе Нушкова |

## 30. План за заштита и спасување од природни катастрофи и незгоди

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на вработените, учениците, материјалните и другите добра на училиштето, од загрозените во релативно побезбедните простори. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат ефектите од природните непогоди, пожари и други несреќи, а со нивното останување на загрозениот простор се очекуваат големи загуби. Вработените на просторот на кое е наредена евакуација, мора да се преселат во друг простор на одреденото место и во одреденото време, при што се води сметка за учениците на ООУ.

Како и на кој начин треба да се спроведе евакуацијата и спасувањето, кои се условите што треба да бидат исполнети за успешна евакуација и спасување на луѓето, без да се создаде паника потребно е да се одлучи на лице место при секоја настаната конкретна ситуација.
Во основа организацијата на успешна евакуација и спасување ќе се заснива на:

- процена на загрозеноста,
- излезни отвори за евакуација,
- етапи на евакуацијата.

Евакуацијата начелно треба да се планира од места и подрачја кои може да бидат изложени на РХБ деконтаминација, техничко-технолошки инциденти, подрачја кои се наоѓаат во зафатот на поплавените бранови низводно од високите брани на хидроакумулациите како и од подрачја загрозени од природни непогоди од поголеми размери-поплави, пожари, земјотреси, урнатини и слично.

Проценката на загрозеноста овозможува да се дојде до правилно планирање за изведување на евакуацијата на загрозените лица, при што треба да се има предвид:

- видот на присутни опасности,
- начин на откривање на опасностите-визуелно приметување,
- начин на извидување и известување-веднаш да се бара жариштето - средства за давање на знак за узбуна,
- расположиви средства за евакуација и спасување – приватни или службени возила,
- брзина на отпремување на повредените во здравствена установа што е најблиска и најстручна за одреден вид на повреди, градска болница за 10 минути,
- веднаш се утврдува бројот на лица што не се во состојба да се движат самостојно,
- други податоци во зависност од конкретната ситуација што имаат дредено значење.

Проценката ги опфаќа и сознанијата за архитектонско-градежните и техничките карактеристики на објектот како што се:

- број на излезите-брзо забележување на истите,
- оддалеченоста на излезот на поединени простории од кои треба да се врши евакуацијата-се работи за мал простор и патот до излезот во слободен простор е краток,

- ширина на патот за евакуација и другите комуникации по кои ќе се врши евакуацијата -да може слободно де се минува со носила,
- видот на градежниот материјал и конструкциите од кои е изграден објектот- за да се спречи повреда од рушење,
- процена на стабилноста на објектот - да се користат местата кои се отпорни на рушење како на пример простор испод армирано бетонски греди,
- можност за оштетување на разни инсталации.

Време за евакуација се пресметува

tev = (P / B1) x  Fp + Lh / v

каде е :

tev – време на евакуација ( sek)

P – мах број на лица во објектот 800

B1 – ширина на отворите (m) 8 м

Fp – коефициент на проодност на лица (m/sek) , (искуствена вредност  е 1,3 лица по (m/sek) .

Lh- должина на патот за спасување (m )  50м

v – брзина на движење ( m/sek) ( спрема прописите NFPA -0,60m/sek).

(800/8) x1,3 +42/0,6= 100x1,3 + 70=130+70=200сек = 3,33 мин.

Добиената вредност (помала од 5 минути) е време за евакуација во кое е рачунато времето потребно сите ученици, вработени и посетители да ја напуштат опасната зона и да дојдат до собирното место.
Во случај кога не може да се изведе нормално напуштање на загрозените простори се пристапува кон евакуирање на организиран начин.
Се задолжуваат одговорни лица со мирен и сталожен карактер на однесување и со особини на самосвест и лична храброст да се пробијат до местото на опасноста и до лицата кои се загрозени и да извршат целосни подготовки за евакуирање, да ја отстранат паниката и можноста за појава на паника со личниот пример на однесување и потоа веднаш да пристапат кон изведување на евакуацијата по најбезбедниот пат и кој овозможува завршување на евакуацијата за најкусо време. Лицата што ќе ја извршуваат евакуацијата се должни да воспостават приоритет на евакуирање, а самите треба да го напуштат загрозеното место откако ќе биде евакуиран последниот загрозен.
Еден од условите за добра превентива е добрата обученост на сите вработени од аспект на заштита од пожари и експлозии и од аспект на безбедност и здравје при работа.

**Ако се познава планот за евакуација со најважните елементи-патиштата за евакуација и излезите најверојатно правилно ќе се постапи и на тој начин  ќе се зголемат шансите да се преживее опасноста.**

Дадена е шема каде се прикажани патиштата за евакуација и насоката на движење кон излезот кој води во слободен простор.
Извршување на евакуацијата започнува со издавање на усмена наредба или преку звучен сигнал на одговорното лице, по наредба на Директорот или од него назначено лице.
Звучниот сигнал се објавува со ѕвонење 2 пати по 10 секунди со пауза од 5 секунди помеѓу ѕвонењата.
За време на извршување на евакуацијата, вработените и учениците се упатуваат кон излезите, настојуваат да не дојде до паника и ги извршуваат следните активности:
-исклучуваат уреди и апарати од електрична струја и ги напуштаат просториите низ евакуациониот излез,
-доколку евакуациониот излез не е во функција се постапува според упатства на одговорното лице, се одстрануваат пречки.
По напуштање на работниот простор се исклучува главната склопка.
Подрумскиот дел се користи како кујна и трпезарија и помала е веројатноста да се биде во подрумскиот простор. Евакуацијата е преку скали со ширина 1,40 метри кон приземјето преку холот и надворешни излезни врати. Во подрумскиот дел сместена е кујната со трпезарија и може да се очекува престој на мах. 50 лица кој се евакуираат. Најблискиот излез е од холот од каде се излегува директно на слободна површина.
Приземните училни (кои се на високо приземје) имаат ходник 2,80 метри кои води кон скалишните простори (еден од стариот и еден од новиот доградени дел) кои водат во правец на евакуација кон главниот влез/излез.

На катот има шест училни (четири во стариот и две во доградениот дел) и мах. број на лица кои се евакуираат е околу 180 лица. Училните имаат врати кој се отвараат нанадвор во правец на евакуација кон скалишните простори. Лицата кои се евакуираат од ходникот кон скалите се движат на скалите покрај ѕидот. Движејќи се по скалите кон долните етажи се движат повеќе кон оградата на скалите.
На вториот кат, кој е највисоко поставен има исто шест училни и мах. број на лица кои се евакуираат е околу 180 лица. Училните имаат врати кој се отвараат нанадвор во правец на евакуација кон скалите. Лицата кои се евакуираат од ходникот се движат кон скалите, движејќи се по скалите кон долните етажи се движат повеќе кон оградата на скалите.
Просториите на први кат наставничка канцеларија, директор, секретар каде може да се очекува околу 70 лица имаат врати кои се отвараат навнатре и излегуваат пред стариот скалишен простор и се евакуираат на ист начин како и учениците.
Фискултурната сала има излез преку двокрилна врата. Освен овој излез има и двокрилни врати кои водат кон холот и главниот излез.
Приземниот дел се евакуира преку главниот излез и дополнително преку излез од новиот доградени дел, преку двокрилна врата која се отвата нанадвор и води директно на слободен простор
Од сите излези лицата се движат кон собирното место.
На собирното место, се укажува прва помош на повредените од одговорните лица за прва помош и потешко повредените се упатуваат кон најблиската здравствена установа. За превоз до здравствена установа одговорното лице може да побара помош и од случајните минувачи со возила.
При враќање на работното место се прави визуелна контрола на местото од евентуални оштетувања и последици кои претставуваат опасност по безбедноста.

Најпрвин се санираат штети и последици кои претставуваат опасност (конструктивни оштетувања, оштетувања на инсталации, санитарни опасности) па потоа се доведува просторот во состојба на повторно употребување.

Дадени се упатство за постапување при евакуација, прегледен лист, лица одговорни за евакуација како и графички прилог со обележување на излези и собирно место.

Доколку постои потреба одговорното лице бара помош од специјализирани сили за пружање на заштита, како противпожарни единици, здравствени установи, полиција, дирекција за заштита и спасување.

Мерки за евакуација

Во случај на природна непогода или друга несреќа предизвикана од човечки фактор првата мерка што треба да се преземе е организирано и брзо напуштање на загрозените простории односно преместување на учениците и наставниците на безбедни места, во прво време во дворот на училиштето.
Целата постапка треба да се одвива смирено со брзо одење и без предизвикување на паника. Квалитетот на успешно спроведување на планот за евакуација на основното училиште кој би се применил во услови на некоја непогода директно би зависело од правилната реакција на директорот и наставниците. Директорот на училиштето треба да определи одговорно лице кое ќе биде задолжено со планот за заштита и спасување, и доколку има потреба да
постапи по мерките од истиот. Директорот потребно е да одржува повремени состаноци со одговорното лице и другите вработени кои имаат свои задолженија во случај на непогода. Истите треба да соработуваат со Училишниот одбор затоа што безбедноста е приоритетна и сите треба да знаат како треба да постапат во случај на несреќа.
Во случај на непогода доколку дојде до потреба за евакуација други мерки и активности што треба да се преземат се следниве:
-Доколку се работи за пожар лицето кое ќе го забележи веднаш да пристапи кон негово локализирање и веднаш да го извести директорот и ако се работи за пожар од поголем размер да се извести протоивпожарната единица,
-Директорот или друго лице да даде тревога за напуштање на просториите,
-Доколку дојде до природни или други непогоди во сабота или недела или за време на празник односно кога не се работи, чуварската служба по телефон го известуваат Директорот или одговорното лице,
-Веднаш да се отворат сите главни и споредни излези каде што има услови,

-За време на тревогата се организира група за обезбедување со задача да ги отстранат неповиканите лица, да ја спречува паниката, да го разчистува просторот и да овозможува непречено доаѓање и приоѓање на противпожарните возила, возила на итна медицинска помош или други возила,
-Доколку се работи за приземни простории со помош на наставниците и помошниот персонал можат да се искористат за излез и прозорците ако нема услови за користење на излезите,
-Да се исклучи електричната инсталација,

-Да се спречи и контролира непотребно повторно влегување,
-Да се провери дали сите се евакуирани.

Знаци за евакуација

Во училиштето поставени се соодветни знаци за евакуација и истите треба да се одржуваат.

Знаците за евакуација се разбирливи и водено е сметка да се избегне групирање на поголем број знаци на едно место.

Знаците не се поставени на подвижни предмети како што се:
врата, прозор и слично, кои кога ќе се поместат ќе го тргнат или покријат знакот и ќе дадат погрешно толкување, секако ако тоа е неопходно.

Исто така знаците се обележани со видлива и во воочлива боја ЗЕЛЕНА.

Кога ќе престанат причините поради кои некој знак е поставен тогаш тој треба да се тргне бидејќи понатамошното дејство на евакуација можат да имаат спротивен ефект, или може да имаат негативен ефект. Знаците треба да бидат употребливи и по ден и по ноќ.

Знаците се поставени во висина од 1,5м до 2м на линија на гледање, а на влезовите и излезите над самата врата.

# ПРИКАЗ НА ЕВАКУАЦИЈА
# ООУ КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ СКОПЈЕ

## ПОДРУМ

ЛЕГЕНДА







ПРИКАЗ НА ЕВАКУАЦИЈА
ООУ КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ СКОПЈЕ
Copy text
ПРИЗЕМЈЕ
ЛЕГЕНДА
ПРАВЕЦ НА ЕВАКУАЦИЈА
ПП АПАРАТ
СОБИРНО МЕСТО
ХИДРАНТ

# ПРИКАЗ НА ЕВАКУАЦИЈА
# ООУ КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ СКОПЈЕ



# ПРИКАЗ НА ЕВАКУАЦИЈА
# ООУ КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ СКОПЈЕ

КАТ 2



## 31. Естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето

| Активности | Носител на активност | Време на реализација |
|---|---|---|
| -Уредување на училниците и паноата од страна на наставниците и учениците со содржини поврзани со одредени активности кои се реализираат | Ученици, наставници | во текот на учебната година |
| Ликовно уредување на паноата во училиштето | Ученици, наставници | во текот на учебната година |
| Истакнување на креативни изработки | Наставници, Ученици, родители | во текот на учебната година |
| Одржување на хигиената во училниците | Наставници, технички персонал | во текот на учебната година |
| Уредување на училишниот двор со поставување на еколошки пораки | Наставници Ученици | во текот на учебната година |

## 32. Правилник на однесување на ученици, наставници и родители

**Правилник за однесување на наставници**

-Да имаат заедничка визија за напредувањето на училишната заедница.
-Да ги почитуваат етичките норми на однесување на јавни места.
-Да доаѓаат 15 минути пред почетокот на часовите, а дежурните наставници 30 минути порано и да не доцнат на настава.
-Колегијалност и соработка во училишната заедница.
-Почитување на критериумите за оценување и самооценување на учениците.
-Да не се задржуваат учениците подолго од времетраењето на наставниот час.
-Да не користат мобилните телефони за време на наставниот час.
-Да не се дозволува посета на родители за време на наставниот час.
-Да се почитува личноста на секој ученик.
-Навремено и објективно да се информираат родителите за успехот и односот на нивните деца.

**Правилник за однесување на учениците**

-Да се доаѓа на училиште 5-10 минути пред почетокот на наставата.
-Да се однесуваат примерно за време на наставата.
-Да не се зборува на час.
-Да се поздравува некој кога ќе влезе на час.
-За време на одморите да се поздравуваат сите возрасни во училишниот двор и надвор од него.
-Да се фрлаат отпадоците во канта.
-Да не се уништува инвентарот во училиштето.
-Да има грижа за хигиената.
-Да не се трча по ходниците.
-По завршување на наставата да не се останува во училиштето и училишниот двор.

**Правилник за однесување на родителите**

-Со секое влегување во училиштето се почитуваат правилата и кодексите на однесување.
-Да се почитува сопственото и времето на другите со тоа што се носат навреме децата на училиште.
-Децата да се остават на влезната врата во училиштето.
-Да не се ремети часот и да не се прекинува наставата.
-При посета на училиштето за време на часовите, уредно да се предаде личната карта на дежурните и да се соопшти причината за посетата.
-Да се присуствува на родителските состаноци и да се информираат за успехот на децата.
-Да се соработува со училиштето во текот на целата година.
-Навремено да го информираме училиштето за отсуството на децата од наставата.
- Изостаноците на децата ги правдаме со лекарска потврда.
-Да се доаѓа на училиште секогаш на повик на одделенскиот наставник, стручната служба или директорот на училиштето.

# 33. Етички кодекс

## Етички кодекс на однесување на ученици

### 1. Почитување на наставниците и вработените

- Учениците се должни да покажуваат почит кон своите наставници и другите вработени во училиштето.
- Грубото, непочитливо или агресивно однесување кон наставниците и вработените не е дозволено.

### 2. Ученикот и наставата

**Учениците се должни:**

- Учениците задолжително треба да доагаат во училиште 10 минути пред почетокот на наставата.
- Задолжително да присуствуваат на настава, за секое отсуство да приложат писмено или усно оправдување од родителот или старателот;
- Пристојно и трпеливо да чекаат во училница пред започнувањето на часот;
- Секогаш да бидат подготвени за работа (настава);
- Редовно да ги носат потребните материјали за работа (училишен прибор, тетратки и учебници, опрема за физичко и здравствено образование, прибор за цртање и материјали за работа по техничо образование;
- Да придонесуваат за позитивна работна атмосфера со активно ангажирање на часот;
- Да го почитуваат правилото дека користењето на мобилни телефони за време на часовите не е дозволено, освен ако истите се користат како едукативна алатка со претходна дозвола на наставникот.
- За време на настава мобилните телефони задолжително пред почетокот на наставата да се предадат на дежурниот ученик кој ги остава во шкафчето одредено за таа паралелка а да ги земат по завршување на наставата.
- Носење на мобилни телефони за учениците од одделенска настава е дозволен исклучиво со согласност на одделенскиот раководител.
- Ученикот не смее самоволно да го напушти часот. Недолично и недисциплинирано однесување на часот се казнува со соодветна педагошка мерка според  Правилникот на училиштето.

**3. Почитување на соучениците**

- Учениците треба да се однесуваат кон своите соученици со почит и разбирање.
- Насилството, малтретирањето и навредливото однесување се строго забранети.
- Строго се забранува вербално или физичко насилство! Игнорирање, упатување навредливи зборови, омаловажување, исмејување, нанесување психичка болка е исто така насилство!
- Соработката и меѓусебното помагање се поттикнуваат во училишната средина.

**4. Грижа за училишниот имот**

- Учениците треба да се грижат за училишниот имот, да го чуваат чист и цел.
- Оштетување на училишниот инвентар или простории се санкционира со педагошка мерка и надомест за направената штета.

**5. Одговорно користење на училишните ресурси**

- Учениците можат да користат училишни уреди и опрема (компјутери, спортски реквизити и сл.) соодветно и одговорно.
- Забрането е самоволно користење на училишни ресурси без дозвола од наставник или вработен.

**6. Лична хигиена и училишна облека**

- Учениците треба да внимаваат на својата лична хигиена и да носат пристојна и соодветна облека за училишната средина (без кратки маици и здолништа, длабоко деколте, искинати фармерки и сл.)
- Забранети се нагласена шминка, несоодветна фризура,  непристојна облека или симболи кои можат да предизвикаат негативни реакции.
- Задолжително носење на училишна униформа за време на наставата.

**7. Почитување на распоредот и дисциплината**

- Учениците се должни да ги почитуваат распоредот на часовите и да бидат точни на нив.
- Непочитувањето на дисциплинските правила може да резултира со соодветни педагошки мерки.

**8. Училишни активности и воннаставни програми**

- Учениците треба активно да учествуваат во училишните активности, како и во воннаставните програми, соодветно на нивните интереси и способности.
- Во текот на учеството на настани, учениците се должни да се однесуваат одговорно и да го претставуваат училиштето на најдобар можен начин.

**9. Заштита на животната средина**

- Учениците се поттикнуваат да се грижат за животната средина во и надвор од училиштето, да не фрлаат отпад и да чуваат чиста средина.

**10. Одговорно користење на технологија**

- Учениците треба одговорно да ги користат мобилните телефони, компјутери и други уреди во училиштето.
- Забрането е снимање, фотографирање или користење на технологија во несоодветни ситуации без дозвола.

**11. Учениците и родителите**

Учениците се должни:

- Редовно и искрено да ги информираат родителите за успесите, но и за неуспесите на училиште. Сите одлуки во врска со училиштето да ги донесуваат заеднички со родителите;
- Доколку имаат некаков проблем или доживуваат врсничко насилство веднаш да ги информираат родителите, а потоа и училишните структури (раководител на паралелка, психолог, педагог, директор).

## Етички кодекс на однесување на наставници

### 1. Професионалност и почитување на етичките стандарди

- Наставниците се обврзуваат да се однесуваат професионално, етички и соодветно во сите ситуации поврзани со нивната работа.
- Постојано треба да покажуваат почит кон учениците, колегите, родителите и сите други вработени во училиштето.
- Забрането е какво било однесување што може да предизвика дискриминација, пристрасност или непочитување на човековите права.

### 2. Посветеност на наставниот процес

- Работното време на наставникот е 6 саати. Наставникот задолжително да биде во својот кабинет/паралелка најдоцна 10 минути пред почетокот на наставата.
- Наставникот да го почитува работното време.
- Наставниците треба со максимална посветеност да го спроведуваат наставниот процес, обезбедувајќи квалитетно образование и поддршка на учениците.
- Тие треба да користат современи методи и техники на учење кои ги поттикнуваат учениците на критичко размислување, креативност и саморазвој.
- Наставниците се должни да го започнат часот на време.
- Наставниците  се должни редовно да ја следат и евидентираат редовноста на учениците во е-дневникот на паралелката
- Часот треба редовно да биде евидентиран, како и отсутните ученици.
- Секој час треба да биде добро испланиран и тоа на тој начин што ќе овозможува максимален ангажман на сите ученици и постигнување на максимумот од зацртаната цел до крајот на часот.

### 3. Почитување на учениците и индивидуален пристап

- Наставниците треба да покажуваат почит и разбирање кон сите ученици, без разлика на нивните способности, етничка припадност, пол или религија.
- Обврзани се да им пружат поддршка на учениците, земајќи ги предвид нивните индивидуални потреби и темпо на учење.

**4. Одговорност за безбедноста на учениците**

- Наставниците се должни да ја гарантираат безбедноста на учениците додека се на училишната територија или учествуваат во училишни активности.
- Во случај на инцидент или опасност, наставниците треба веднаш да реагираат и да ги известат соодветните лица.

**5. Комуникација со родителите**

- Наставниците треба да одржуваат отворена, транспарентна и професионална комуникација со родителите.(без навреди, омаловажување и исмејување)
- Сите информации поврзани со напредокот или однесувањето на учениците треба да бидат пренесени навремено и објективно.

**6. Тимска работа и соработка**

- Наставниците треба да промовираат тимска работа и соработка меѓу колегите, придонесувајќи за позитивна и поддржувачка работна атмосфера.
- Поделбата на задачи и одговорности треба да се спроведува транспарентно и рамноправно, во духот на меѓусебна помош.

**7. Заштита на приватноста**

- Наставниците треба да ја почитуваат приватноста на учениците и нивните семејства.
- Сите лични информации за учениците, како што се оценките, педагошките мерки и здравствените податоци, треба да се третираат со дискреција и доверливост.

**8. Постојано професионално усовршување**

- Наставниците треба континуирано да го развиваат своето знаење и вештини преку учество на обуки, семинари и работилници.
- Тие треба да бидат отворени за нови методи, техники и технологии кои можат да го подобрат квалитетот на наставата.

**9. Објективност и праведност при оценувањето**

- Наставниците се должни да го оценуваат напредокот на учениците објективно и праведно, врз основа на нивниот труд и постигнувања.
- Непристрасноста во оценувањето е клучен принцип кој мора да се почитува.

**10. Пример за однесување**

- Наставниците треба да бидат пример за соодветно и одговорно однесување на учениците, како во училиштето, така и во пошироката заедница.
- Тие треба да покажуваат одговорност, емпатија, самоконтрола и професионализам во секоја ситуација.
- Наставниците секогаш да внимаваат на својот јазик, кој треба да биде литературен, јасен, достапен и достоинствен.

Овој кодекс е водич за професионално однесување на наставниците, кој гарантира дека училиштето е место за квалитетно образование и позитивен раст на учениците.

**Етички кодекс на однесување на родители**

**1. Почитување на училишната средина**

- Родителите се должни да ја почитуваат училишната средина, вработените во училиштето и сите други родители и ученици.
- Секој облик на насилно или агресивно однесување, како вербално така и физичко е строго забранет.

**2. Комуникација со вработените**

- Родителите треба да одржуваат отворена и конструктивна комуникација со наставниците и другите вработени во училиштето.
- Секое недоразбирање или проблем треба да се решава преку цивилизирана комуникација, со почит и разбирање.
- Родителите се дожни комуникацијата со наставниот кадар да ја реализираат во периодот кога наставниците се на работа.(освен во исклучителни ситуации)
- Секој вид на нарушување на приватноста на наставниот кадар како и пишување пораки и телефонски јавувања во несоодветно време не е дозволено.

**3. Влез во училишната зграда**

- Влегувањето на родители во училиштето е дозволено само со претходна најава и добиена согласност од страна на вработен во училиштето.
- Родителите не смеат самоволно да влегуваат во училишните простории или да го прекинуваат наставниот процес.

**4. Посети и средби**

- Сите посети и средби со наставници или друго училишно лице мора да се договараат однапред.
- Родителите се поттикнуваат да ги користат определените термини за средби или да закажат состанок преку училишниот терк за комуникација. (телефонски повик, порака, мејл.

**5. Учество во училишни активности**

- Родителите треба активно да учествуваат во животот на училиштето преку родителски средби и други организирани активности, при тоа почитувајќи ги училишните правила и процедури.
- Учество на училишни настани треба да биде во духот на поддршка и соработка со училиштето и учениците.

**6. Заштита на приватноста на учениците и вработените**

- Родителите се обврзуваат да ја почитуваат приватноста на другите ученици и вработените во училиштето.
- Секое снимање или фотографирање во училишните простории е дозволено само со претходна дозвола.

**7. Одговорно однесување на социјалните мрежи**

- Родителите треба одговорно да користат социјални мрежи кога се однесуваат на училиштето и неговите активности.
- Секое неприкладно коментирање или ширење на информации што можат да го нарушат угледот на училиштето е неприфатливо.

Со овој кодекс на однесување, родителите ќе ја поддржат безбедноста, редот и професионалноста на училишната средина, и ќе придонесат за позитивен училишен амбиент во интерес на сите ученици.

## 34. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

## Професионален развој на наставниците, стручните соработници и директорот

| Содржина | Организирана од | Учесници |
|---|---|---|
| VII Еду конференција ,,Употреба на вештачка интелигенција во образовни цели” | НВО Пријатели на образованието | Одделенски наставници |
| Обука по сугестопедија ,,Супер учење за супер деца” | Здружение за едукација Еду центар | Одделенски наставници<br>психолог |
| Обука за користење на е – учебници на националната платформа | Национална платформа ,,Nastava.mk” | Одделенски наставници |
| Обука ,,Вештачка интелигенција и настава” | ANN&LR во Бар, Црна гора | Одделенски наставници |
| Обука ,,Ретко е да си редок” | Меѓународен проект ,,Ретки се” | Одделенски наставници |
| Улогата на наставниците и стручните соработни во пренесување на вредностите и моралните норми кај младите | Институт Европски Соѕвездија | Одделенски наставници<br>Предметни наставници<br>Психолог<br>Директор |
| Обука ,,Инклузивен пристап и култура – прилагодување на воспитно-образовната работа | Клуб на наставници | Одделенски наставници |
| Обука ,,Секоја училница е систем” | Клуб на наставници | Одделенски наставници |
| Обука ,,Водич за општествено-хуманитарна работа за VII одделение” | БРО | Педагог<br>Психолог<br>Предметни наставници |
| Обука за учество и реализација на натпревар во рамките на ,,FIRST LEGO League Challenge – меѓународна едукативна програма | STEM академија | Предметен наставник |
| Еду лаб ,,Дигитален курс за примена на ИКТ алатките во секојдневната настава (основно ниво)” | Смарт Ап – лаборатија за социјални иновации | Предметен наставник |
| Еду лаб ,,Дигитален курс за примена на ИКТ алатките во секојдневната настава (напредно ниво) | Смарт Ап – лаборатија за социјални иновации | Предметен наставник |
| Обука за наставните програми за VII одделение по новата концепција | БРО | Предметни наставници |

| | | |
|---|---|---|
| Digital methods to foster global educational partnerships, particularly with the Western Balkans and Europe | DIGIT EDU 2025 | Предметен наставник |
| Онлајн обука за модулот за електронско свидетелство во е-дневник | БРО<br>МОН | Одделенски наставници |
| Државно тестирање за V одделение - ПИРЛС – читање со разбирање | ДИЦ | Одделенски наставници<br>Педагог |
| Обука ,,GenAI во образование” | ФЕИТ | Предметен наставник |
| Еколошкото образование преку ,,Мрежата за искуствено учење” | РЕЦ | Предметен наставник |

## 35. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

| **Подрачје на вклученост на родителите** | **Активности** |
|---|---|
| Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето | - новогодишен базар<br>- организирање на хумантиратни активности за деца од социјално ранлива група<br>- учество во организирање на посети во разни институции поврзани со наставата |
| Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење | - преку Советот на родители<br>- преку групни и индивидуални средби со наставници<br>- соработка со Стручната служба на училиштето<br>- увид во Е-дневникот<br>- преку web страната на училиштето<br>- преку Facebook страна |
| Едукација на родителите/старателите | - присуство на родителски средби<br>- присуство на индивидуални средби |

| | |
|---|---|
| | - преку web страната на училиштето<br>- преку Facebook страна<br>- присуство на отворени работилници<br>- учество во организирани работилници за едукација на односот родител и дете |

## 36. Соработка со локална средина и заедница

| Активности | Носители на активност | Време на реализација |
|---|---|---|
| Соработка со основни училишта | Наставници, ученици и стручна служба | во текот на учебната година |
| Соработка со  БРО и МОН | Наставници, стручна служба | во текот на учебната година |
| Соработка со МКФ | Стручна служба | во текот на учебната година |
| Соработка со Завод за статистика | Стручна служба, директор | во текот на учебната година |

## 37. Грижа за здравјето на учениците

Во текот на учебната година грижата за здравјето на учениците се реализираше преку следниве прегледи:

**. Систематски прегледи**

За учениците од I,II,III, IV,V, VI, VII и IX одделение е реализиран систематски - стоматолошки преглед во здравствена установа „Идадија“.
Во месец септември се реализираше санитарен преглед на вработените во Центар за јавно здравје „Пролет”.
Во месец декември се реализираше систематски преглед за вработените од здравствена установа ,,Тоспаш”.
За учениците од I,II одд. се реализираше систематски преглед во здравствена установа „Бит пазар” – школска.

### 18.3. Вакцинирање

Според календарот за имунизација како дел од гржа за здравјето на учениците се реализираше вакцинирање на учениците од I одделение вакцина-МРП (рубеола, мали сипаници и заушки) во здравствена установа „Бит пазар” – школска, за учениците од II одделение вакцина Tetraxim за сите ученици од VII одд. HPV-вакцина и ревакцина и за учениците од IX одд. вакцина REVAXIS.

На 17.10.2025 година се реализираше скрининг за телесни деформитети за учениците од I-во и V-то одделение од здружение ,,Синергија фискултура” во организација од Општина Центар.

## 38. Јавна и културна дејност

Во текот на учебната година со Програма за јавна и културна дејност се реализираа следните активности:

| Активност |
|---|
| Одбележување на „8ми Септември” Денот на независност на РСМ (разговор во паралелките). |
| Прием на првачиња во Меѓународна детска организација со организирана програма од страна на Општина Центар во Парк на Франкофонијата. |
| Посета на Градска библиотека „Браќа Миладиновци”. |
| Посета на Општина Центар – средба со Градоначалникот. |
| Учество во реализирање на акција Месец на книгата и Месец на гладот. |
| Учество на новогодишен хепенинг на Боемска улица. |
| Посета на телевизија Сител |
| Посета на тетатар за деца и младинци |
| Посета на балетска претстава Петар Пан во МНТ |
| Посета на Музеј на современа уметност |

| |
|---|
| Посета на Музеј на македонска борба |
| Посета на саем на книга |
| Посета на ботаничка градина |
| Учество на средба со писателката на книги Бистра Георгиева |
| Посета на театарска претстава ,,Цветната улица” – Театар за деца и младинци |
| Посета на театарска претстава ,,Жива досада” во МНТ |
| Средба со писателот Стојан Тарапуза во Матица за лектирно дело ,,Сон на тркала” |

30.06.2026 г. М.П. Директор

Скопје

______________________________

Александар Христовски

Претседател на училиштен одбор

______________________________

Василка С.Трајкова